# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН

| | |
|---|---|
| Назив на министерството | Министерство за финансии |
| Назив на предлог законот | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија |
| Краток опис на проблемот | Со донесувањето на Законот за ревизија во 2010 година во голема мера истиот се усогласи со Директивата на Европскиот парламент и на Советот на Европската Унија 32006L0043 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки.<br><br>Практичната примена на Законот укажа на одредени недоречености и преклопувања на надлежностите на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и Советот за унапредување и развој на ревизијата. Истовремено, со Законот не се дефинирани дисциплинските престапи за кои надлежните одгани можат да изрекуваат мерките, ниту пак е дефиниран минимален износ на осигурување од штета што ревизорите можат да ја предизвикаат на трети лица. Извештаите од спроведените контроли над ревизорските друштва не се објавуваат и се недостапни за заинтересираните страни и пошироката јавност, додека постојниот систем на контрола на квалитет не го уредува опфатот и постапката за спроведување на контролата. Дополнително, контролата на квалитет ја вршат вработените во Институтот кој е асоцијација на ревизорите, што може да ја намали независноста на контролорите. |
| Цел на предлог законот | • Основната цел поради која се предлага донесување на Предлог на законот е зголемување на транспарентноста и одговорноста на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори трговци-поединци. |
| Временската рамка за изготвување на предлог законот | Декември 2013- Мај 2014 |
| Начин на вклучување на | Преку доставување на писмени мислења и одржани |

| | | |
|---|---|---|
| засегнатите страни | работни средби во врска со Предлог на законот. Исто така, засегнатите страни ќе можат своите коментари по Предлог на законот да ги даваат преку порталот ЕНЕР. | |
| Најава за јавен увид и јавна расправа | | Не |
| Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР | ener.gov.mk | |
| Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се достават мислењата, забелешките и сугестиите | finance@finance.gov.mk<br><br>На порталот: ener.gov.mk | |
| Одговорно лице за контакт во министерството | | |
| Други информации | / | |